Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Генерална дирекција
Сектор за човечки ресурси
Број: 01-2451/16
Датум 11-11-2026

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ", бр. 27/14...198/18 и „Службен весник на РСМ", бр. 143/19...210/24), директорот на Управата за јавни приходи донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

**Член 1**

Со овој правилник се врши исправка на Правилникот за систематизација на работните места во Управата за јавни приходи број 01-597/2 од 09.02.2024,бр. 01-597/3 од 24.09.2024 година,бр.01-597/5 од 27.09.2024 година, бр. 01-597/9 од 26.11.2024година,бр.01-988/3 од 07.02.2025 година, бр.01-988/6 од 10.02.2025 година, бр.01-988/9 од 12.05.2025 година, бр. 01-988/12 од 15.07.2025 година, бр.01-988/15 од 31.07.2025 година, бр.01-988/18 од 17.12.2025 година, бр.01-2451/1 од 18.03.2026 година, бр.01-2451/7 од 20.05.2026 година, бр.01-2451/4 од 17.06.2026 година, бр.01-2451/10 од 25.06.2026 година и бр. 01-2451/13 од 07.10.2026 година.

**Член 2**

Во делот РЕГИОНАЛНИ ДИРЕКЦИИ – СКОПЈЕ, БИТОЛА, ПРИЛЕП, ТЕТОВО, ШТИП И СТРУМИЦА, во точката 3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА И УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОЦИ, во потточка 3.1. Служба за регистрација и утврдување на даноци на даночни обврзници - правни лица во описот на работното место со реден број 321 – Асистент за регистрација на даночни обврзници - правни лица,со шифра ДАН0101В03007, во делот „Број на извршители " наместо бројот „9" треба да стои бројот „8", а во делот „Тетово" наместо бројот „2" треба да стои бројот „1".

**Член 3**

Во делот РЕГИОНАЛНИ ДИРЕКЦИИ – СКОПЈЕ, БИТОЛА, ПРИЛЕП, ТЕТОВО, ШТИП И СТРУМИЦА, во точката 3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА И УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОЦИ, во потточка 3.1. Служба за регистрација и утврдување на даноци на даночни обврзници - правни лица, во описот на работното место со реден број 328 – Асистент за утврдување на данок на даночни обврзници - правни лица,со шифра ДАН0101В03007, во делот „Број на извршители", наместо бројот „7", треба да стои бројот „8" а во делот „Тетово" наместо бројот„1" треба да стои бројот „2".

**Член 4**

Во делот РЕГИОНАЛНИ ДИРЕКЦИИ – СКОПЈЕ, БИТОЛА, ПРИЛЕП, ТЕТОВО, ШТИП И СТРУМИЦА, во точката 3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА И УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОЦИ, во потточка 3.1. Служба за регистрација и утврдување на даноци на даночни обврзници - правни лица, во описот на работното место со реден број 328 – Асистент за утврдување на данок на даночни обврзници - правни лица,со шифра ДАН0101В03007, во делот „Вид на образование", наместо зборовите „Општествени науки – Економија и бизнис, Право или Организациски науки и управување (менаџмент)" треба да стојат


Тој данок, тоја single!

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

зборовите „Општествени науки – Економија и бизнис, Право или Политички науки (Јавна управа и администрација)".

**Член 5**

Во делот ДАНОЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА, во точка 1. СЛУЖБА ЗА УСЛУГИ НА ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ, во описот на работното место со реден број 411- Помошен даночен агент за услуги на даночни обврзници, со шифра ДАН0101Г01004 во делот „Број на извршители" наместо бројот „6" треба да стои бројот „5", а во делот „Пробиштип" наместо бројот „2" треба да стои бројот „1".

**Член 6**

Во делот ДАНОЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА, во точка 1. СЛУЖБА ЗА УСЛУГИ НА ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ, во описот на работното место со реден број 413- Даночен агент за услуги на даночни обврзници,со шифра ДАН0101Г03005 во делот „Број на извршители" наместо бројот „2" треба да стои бројот „3", а во делот „Пробиштип" бројот „0" се заменува со бројот „1".

**Член 7**

Согласно измените во интегралниот текст на Правилникот, се вршат и соодветни измени и во Табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот за систематизација на работните места во Управата за јавни приходи.

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила и ќе се објави на огласна табла/Интранет на УЈП по добиена согласност од Министерството за јавна администрација.

Директор
м-р Елена Петрова

Прилог:
- Табеларен преглед



Тој данок, моја радост!